**Друштво за осигурување**

**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА ГРЕШКИ ПРИ ИЗГРАДБА ЗА ШТЕТИ ВО ГАРАНТЕН РОК

Ознака: ПУС-ОИГР-02.25
Број: 0101-579
Датум на примена: 09.01.2025

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

[1] За ова осигурување се користат и важечките Услови за осигурување на објекти во градба, освен во делот кој е со овие услови определен поинаку.

**ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 2**

[1] Осигурувачот, според овие услови, ги покрива штетите настанати на веќе изграден објект, по извршениот технички преглед, согласно Закон за градење, во време на периодот на одржување на објектот, односно периодот опфатен со гаранција од изведувачот на работите, кои настанале:

1) во време на периодот на гаранција од изведувачот на работите, кои имаат своја непосредна причинско-последична врска од времето на градење на објектот, а настанале поради подоцнежно реализирање на ризиците наведени во член 18 и 19 од Условите за осигурување објекти во градба.

2) поради работите и активностите на изведувачот на работите (осигуреникот), кои произлегуваат од договорот за одржување на изградениот објект во време на периодот на гаранција, склучен помеѓу инвеститорот и изведувачот на работите;

[1] Висината на надоместокот од осигурување во случај на оштетување на осигурениот објект, се утврдува според вистинските цени на материјалот и работите во времето на настанување на осигурениот случај, доколку поинаку не е договорено.

**НЕОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ**

**Член 3**

[1] Со ова осигурување, покрај неосигурените опасности наведени во Услови за осигурување на објекти во градба, не е покриена одговорноста:

1) за штета што настанувала подолго време или е последица од дефекти или попуштање на материјалот поради температурни влијанија, влага, тресење, дејство на агресивни материи, корозија и слично;

2) поради невозможност за наменска употреба на објектот доколку изградбата била извршена според одредбите на проектот;

3) поради штети од естетски карактер.

**ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО**
**Член 4**

[1] Осигурителното покритие според овие услови започнува од денот кога објектот ќе му се предаде на нарачателот или инвеститорот односно од денот на извршениот технички преглед на објектот, согласно Закон за градење и трае најмногу до 2 (две) години.

Овие Услови се донесени врз основа на Овластување на Надзорниот одбор на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје утврдено со Одлука бр.0203-04/13 од 03.03.2023 година и Одлука на Управниот одбор бр. 0202-558 од 09.01.2025 година и ќе се применуваат од 09.01.2025 година.